# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.64 од 28.05.2012 година**

**Член 1**

Во Законот за процена ("Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 158/11 и 185/11), во членот 2 точка 3 по зборовите: „издадена од надлежен министер"се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Точката 4 се менува и гласи:
„Проценувач"е лице кое има положено стручен испит за проценувач и е вработено кај овластен проценувач, во единица на локалната самоуправа на работи од област на процена на пазарна вредност на недвижен имот за пресметување на данок на имот, во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија или во Бирото за судски вештачења;".

**Член 2**

Во членот 5 став (1) по точката 12 точката и запирката се заменуваат со сврзникот "и".
Точката 13 се брише.
Точката 14 станува точка 13.
Во ставот (2) алинејата 8 се менува и гласи:
„- за издавање на лиценца во областа од ставот (1) точка 4 на овој член е Министерството за финансии и".

**Член 3**

Во членот 6 по алинејата 3 се додава нова алинејата 4, која гласи:
"- при финансирање и подигање на хипотекарен и заложен кредит;".

**Член 4**

Во членот 7 точка 1 сврзникот „и"на крајот од реченицата се заменува со запирка.
Во точката 2 по зборовите: „Република Македонија" се додаваат зборовите: „физичко лице вработено во единица на локалната самоуправа кое врши работи од областа на процена на пазарна вредност на недвижен имот за пресметување на данок на имот и во Бирото за судски вештачења кое врши работи од областа на процена за потребите на органите на државната управа".

**Член 5**

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

**„Член 31-а**

За процена извршена од страна на проценувачи вработени во Бирото за судски вештачења, за потребите на органите на државната управа не се исплатува награда за извршената работа ниту надоместок за реално потребните трошоци."

**Член 6**

Во членот 32 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
"(2) По исклучок од ставот (1) на овој член физичките лица со положен стручен испит за проценувач, вработени на работи на процена во банките и штедилниците во Република Македонија, во единиците на локалната самоуправа и во Бирото за судски вештачења, не се членови на Комората."

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8).

**Член 7**

Во членот 47-а став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и за единиците на локалната самоуправа при утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот за пресметување на данок на имот."

**Член 8**

Одредбите на членовите 1 став 2, 4 и 5 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2013 година.

**Член 9**

Одредбите од членот 7 од овој закон ќе се применуваат до 25 ноември 2012 година.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".